Бр./Nr 12-2146/3
13-08-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2920/1 од 12.11.2024 година, против службеното лице -------, вработена во ЈОУДГ „-----“ ----- **СЕ ЗАПИРА,** поради тоа не е констатирана состојба спротивна на закон кај пријавеното службено лице и кај правниот субјект ЈОУДГ „------“ – ------.

Предметот со број 12-2920/1 од 12.11.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на непознат подносител е поднесена пријава против службеното лице ------, вработена во ЈОУДГ „-------“ – ----, во која се наведува дека именуваната работи како раководно лице без важечка лиценца за воспитувач. Се бара да се провери поседувањето на лиценца од страна на вршителката на должност директор --------.

Државната комисија со цел за проверка на наводите од пријавата и правилно и целосно утврдување на фактичката состојба се обрати до надлежното Министерство за социјална политика, демографија и млади и побара информации и податоци за пријавеното службено лице.

Министерство за социјална политика, демографија и млади до Државната комисија достави одговор со прилог документација од која произлегува според податоците со кои располага Министерството, врз основа на извршен увид во

Регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа и службеното лице ----- поседувало лиценца за негователи со регистарски број 11-----/14 со важност од 09.04.2014 година до 09.04.2019 година, лиценца за воспитувач со регистарски број 11---- со важност од 08.10.2018 година до 08.10.2023 година, како и обновена лиценца за воспитувач со регистарски број 11---- со важност од 25.11.2025 година до 25.11.2030 година.

Врз основа на добиените податоци Државната комисија констатира дека наводите изнесени во пријавата не се потврдуваат и кај пријавеното службено лице не е констатирана состојба спротивна на закон во поглед на поседувањето на лиценците за работа, односно лицето поседува важечка лиценца за воспитувач што претставува посебен услов за работно место раководител на објект.

Во однос на наводите од пријавата за проверка на поседувањето на лиценца од страна на вршителката на должност директор на јавната општинска установа за деца – Детска градинка ---------, -------, Државната комисија имаше предвид дека согласно со чл.127 а од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), вршителот на должност директор, не е должен да поседува лиценца за директор.

Врз основа на наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,
Адем Чучуљ

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК